РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДИЗБОРЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Скопје, 21.08.2017 година

Изборниот законик (Сл.Весник на Р.Македонија, бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155,2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) во член 8-а став 4, уредува обврска за Министерство за финансии да поднесе предизборен финансиски извештај, во кој треба да се даде преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот на РМ по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот (две недели по распишување на изборите).

Согласно Измените и дополнувањата на Буџетот на РМ за 2017 година, вкупните приходи се планирани на ниво од 184,745 милијарди денари, а планираното ниво на вкупни расходи е 203,312 милијарди денари.

Во периодот од почетокот на фискалната година до 18ти август 2017 година, вкупните остварени приходи на Буџетот на РМ изнесуваат **111,267 милијарди денари**.

Во рамки на вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија, 99,198 милијарди денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, односно 89% од вкупните приходи. Неданочните приходи се реализирани во износ од 8,421 милијарди денари или на истите отпаѓаат 8% од вкупните приходи. Капиталните приходи се остварени во износ од 571 милиони денари, а останатите приходи (донации и приходи од отплата на заеми) изнесуваат 3,077 милијарда денари или заедно учествуваат со 3% од вкупните приходи.

Во структурата на даночни приходи најголемо учество имаат приходите наплатени од домашните даноци на стоки и услуги кои се остварени во износ од 44,357 милијарди денари. Во рамки на истите, по основ на ДДВ се остварени 29,420 милијарди денари, додека по основ на акциза 14,937 милијарди денари. Придонесите за социјално осигурување, како изворен приход на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување на РМ и Фондот за здравствено осигурување, се остварени во износ од 33,380 милијарди денари. Даноците од доход, добивка и капитални добивки изнесуваат 17,621 милијарди денари, данокот од меѓународна трговија и трансакции (царини) е остварен во износ од 3,180 милијарда денари, додека од останатите даночни приходи (такси на

користење и дозволи за вршење на дејности) во овој период од годината се наплатени 660 милиони денари.

Неданочните приходи на Буџетот на РМ заклучно со 18ти август 2017 година се остварени во износ од 8,421 милијарди денари, во кои приходите од такси и надоместоци се реализирани во износ од 1,764 милијарда денари (во најголем дел такси во високото образование во износ од 1.185 милијарда денари). Во рамки на неданочните приходи остварени се приходи од судски и административни такси во износ од 780 милиони денари и приходи од глоби во износ од 299 милиони денари. По основ на приходи од други владини услуги (приходи од издавање на лични документи, надоместоци за дозволи и лиценци, надоместоци од игри на среќа и друго) остварен е износ од 2,622 милијарди денари, други неданочни приходи остварени се во износ од 2.837 милијарди денари, а приход од имот (камата на депозити и др.) во износ од 120 милиони денари.

Капиталните приходи во анализираниот период се остварени во износ од 571 милиони денари (продажба на капитални средства во износ од 114 милиони денари, продажба на земјиште и нематеријални вложувања во износ од 426 милиони денари и приходи од дивиденди во износ од 31 милиони денари).

Во периодот јануари – 18ти август 2017 година, вкупните реализирани расходи на Буџетот на РМ се на ниво од 124,637 милијарди денари.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 17,471 милијарди денари, од позицијата за постојана и тековна резерва реализирани се средства во износ од 8 милиони денари за надомест на штети од елементарни непогоди согласно член 11, став 2 од Закон за буџетите.

За набавка на стоки и услуги во анализираниот период се реализирани вкупно 24,041 милијарди денари. Најголемо учество во вкупните стоки и услуги имаат договорните услуги во износ од 17,841 милијарди денари. Во рамки на договорните услуги 15,290 милијарди денари се исплатени за здравствена заштита на населението. Овие средства се реализирани преку Фондот за здравствено осигурување, кој како купувач на услуги исплатите ги врши за извршени услуги

како од јавните здравствени институции, така и од приватни установи кои се дел од здравствената мрежа со кои Фондот има склучено договор. Во рамки на вкупните расходи за стоки и услуги реализирани се и расходи за комунални услуги во износ од 2,092 милијарди денари, расходи за материјали и ситен инвентар во износ од 1.724 милијарда денари, за поправки и тековно одржување во износ од 724 милиони денари, за други тековни расходи (провизии, членарини и сл.) во износ од 1.259 милијарда денари, патни и дневни расходи 374 милиони денари и привремени вработувања во износ од 26 милиони денари.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа од Буџетот на Република Македонија преку категоријата тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа се реализираат блок и наменски дотации и дотацијата од ДДВ на месечна основа. Во овој период реализирани се 11,082 милијарди денари, и тоа по основ на дотациите од ДДВ реализирани се 1.242 милијарда денари, а за блок и наменски дотации реализирани се 9,840 милијарди денари.

Согласно амортизационите планови во овој период од годината доспеани и исплатени се 6,053 милијарди денари за каматни плаќања по основ на користени кредити и издадени државни хартии од вредност. Во овој дел каматните плаќања кон нерезидентните кредитори се извршени во износ од 4.381 милијарди денари, а за каматните плаќања кон резидентните кредитори исплатени се 1,671 милијарда денари.

Субвенциите и трансферите се реализирани во вкупен износ од 10,155 милијарда денари. Во оваа категорија најголемо учество имаат субвенциите во земјоделството исплатени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 5,151 милијарди денари, согласно донесената Програма и завршените контроли на терен. Истовремено преку Министерството за труд и социјална политика навремено се вршеа исплати за субвенциите за бањско лекување, заштитни организации, енергетска сиромаштија народни кујни и др. за кои се реализирани 452 милиони денари. Министерството за образование и наука реализираше расходи за ученички и студентски домови, стипендии и школарини во земјата и странство во износ од 606 милиони денари. Од финансирањето на дејностите во областа на културата за издавачка, музичка,

сценско-уметничка, драмска, музејска, филмска дејност, заштита на културно наследство и др. реализирани се средства во износ од 720 милиони денари.

Социјалните бенефиции од почетокот на годината до 18.08.2017 година, се исплатени во износ од 45,564 милијарди денари. Во овие рамки најзначајни средства се реализирани преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и тоа 34,348 милијарди денари се наменети за исплата на осум месечни пензии за 306.762 пензионери, а за транзициски трошоци до приватните пензиски фондови реализирани се 3,933 милијарди денари. Трошоците за социјална помош реализирани се во износ од 4,807 милијарди денари. За остварување на правото за паричен надоместок во случај на невработеност, активни мерки за вработување и вработување на инвалидни лица преку Агенцијата за вработување на РМ реализирани се 692 милиони денари, а за трошоци за боледување и породилно отсуство преку Фондот за здравствено осигурување реализирани се 1.835 милијарда денари.

Капиталните расходи на Буџетот на РМ заклучно со 18$^{ти}$ август реализирани се во износ од 10,263 милијарди денари. Најголемо учество во категоријата капитални расходи имаат расходите за други градежни објекти кои се реализирани во износ од 6.581 милијарди денари. Од овој износ 2.491 милијарди денари се исплатени за извршени работи на Коридорот 10, за гасификација 1,500 милијарда денари, за изградба на училишни сали 44 милиони денари, а останатите се однесуваат за расходи за изградба и реконструкција на школи, здравствени установи, спортски објекти, водоводи и канализации и др. Во ставката 489 капитални субвенции за претпријатија и невладини организации реализирани се 1.275 милјарда денари од кои најголем дел за капиталните субвенции на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 794 милиони денари согласно Програмата за рурален развој, како и 265 милиони денари за инвестиции за железничка инфраструктура – Коридор 8. За купување на опрема и машини исплатени се 1.069 милијарда денари, од кои најголем дел се 303 милиони денари за медицинска опрема, додека за капитални дотации до ЕЛС исплатени се 223 милиони денари.

Табела за приходи и расходи на Буџет на РМ за периодот 01.01-18.08.2017 година

| ОПИС | | | Буџет на РМ 2017 год. | реализација заклучно 18.08.2017 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно приходи на Буџет на РМ** | | | **184,745,161,000** | **111,266,679,230** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | **159,497,074,000** | **99,197,790,401** |
| | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 27,112,300,000 | 17,621,158,988 |
| | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 52,741,851,000 | 33,380,419,534 |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 73,085,423,000 | 44,356,677,505 |
| | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 5,108,000,000 | 3,180,115,634 |
| | 716 | Еднократни посебни такси | 0 | 10,128,140 |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | 0 | 7,780,697 |
| | 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 1,449,500,000 | 641,509,903 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | **16,321,249,000** | **8,421,471,058** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 463,073,000 | 119,917,187 |
| | 722 | Глоби, судски и административни такси | 2,141,628,000 | 1,079,090,634 |
| | 723 | Такси и надоместоци | 3,888,052,000 | 1,763,969,012 |
| | 724 | Други владини услуги | 4,422,708,000 | 2,621,963,343 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 5,405,788,000 | 2,836,530,882 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | | **1,940,500,000** | **570,504,272** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 326,000,000 | 113,812,771 |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 1,011,495,000 | 425,557,081 |
| | 734 | Приходи од дивиденди | 603,005,000 | 31,134,420 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | **6,636,338,000** | **2,934,670,444** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 158,760,000 | 105,819,065 |
| | 742 | Донации од странство | 6,466,488,000 | 2,825,394,118 |
| | 743 | Капитални донации | 4,590,000 | 70,000 |
| | 744 | Тековни донации | 6,500,000 | 3,387,261 |
| **78** | **ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** | | **350,000,000** | **142,243,055** |
| | 781 | Приходи од наплатени дадени заеми | 350,000,000 | 142,243,055 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расходи на Буџет на РМ** | | | **203,311,699,000** | **124,637,452,532** |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **26,613,996,000** | **17,470,659,355** |
| | 401 | Основни плати | 19,007,582,000 | 12,495,701,139 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 7,561,721,000 | 4,947,801,533 |
| | 404 | Надоместоци | 44,693,000 | 27,156,683 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **150,000,000** | **8,191,417** |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100,000,000 | 8,191,417 |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 50,000,000 | 0 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **41,585,264,060** | **24,040,610,785** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 744,507,000 | 374,482,261 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3,713,011,000 | 2,092,348,905 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 3,372,961,000 | 1,723,676,155 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 1,796,652,000 | 723,994,855 |
| | 425 | Договорни услуги | 30,027,320,060 | 17,841,160,506 |
| | 426 | Други тековни расходи | 1,864,272,000 | 1,259,350,784 |
| | 427 | Привремени вработувања | 66,541,000 | 25,597,319 |
| **44** | | **Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **17,054,335,000** | **11,082,278,126** |
| | 441 | Дотации од ДДВ | 2,067,000,000 | 1,242,500,000 |
| | 442 | Наменски дотации | 313,000,000 | 208,839,840 |
| | 443 | Блок дотации | 14,674,335,000 | 9,630,938,286 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **8,213,654,000** | **6,052,877,802** |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | 5,611,274,000 | 4,381,484,701 |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 2,602,380,000 | 1,671,393,101 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **15,577,934,940** | **10,155,085,648** |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 696,000,000 | 283,863,601 |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 144,500,000 | 39,228,954 |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 544,922,000 | 264,433,247 |
| | 464 | Разни трансфери | 13,842,784,000 | 9,202,509,516 |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | 349,728,940 | 365,050,330 |
| **47** | | **Социјални бенефиции** | **70,719,202,000** | **45,564,285,793** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 8,064,202,000 | 4,705,691,545 |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 57,994,000,000 | 38,331,178,437 |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 1,661,000,000 | 692,305,436 |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 3,000,000,000 | 1,835,110,375 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **23,397,313,000** | **10,263,463,606** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 2,685,632,000 | 1,068,701,139 |
| | 481 | Градежни објекти | 965,174,000 | 540,011,862 |
| | 482 | Други градежни објекти | 13,793,796,000 | 6,581,019,036 |
| | 483 | Купување на мебел | 234,338,000 | 90,786,525 |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 976,400,000 | 30,002,409 |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 1,080,725,000 | 411,880,567 |
| | 486 | Купување на возила | 92,394,000 | 43,163,340 |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 480,861,000 | 222,868,074 |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 3,087,993,000 | 1,275,030,654 |